# ВОДИЧ ЗА МЕНАЏЕРИ И ДОВЕРИТЕЛИ

## во случај на инсолвентност и стечај

Оваа публикација е подготвена од страна на авторот Татјана Сусулеска
со великодушната поддршка на американскиот народ преку Агенцијата
на САД за Меѓународен Развој (УСАИД)

Мислењата изразени во оваа публикација му припаѓаат на авторот и не
ги изразуваат ставовите на  Агенцијата на САД за Меѓународен Развој
или на Владата на Соединетите Американски Држави

Скопје, септември 2007

Подготвила:
**Татјана Сусулеска**

Издавач:
**Здружение на правници на Република Македонија**
Бул. Крсте Мисирков б.б. - Скопје
e-mail: mla@mla.org.mk
www.mla.org.mk

Уредник:
**Лилјана Цековска**

Компјутерска подготовка:
**Бојан Тренчевски**

Печати:
**Југореклам - Скопје**

# I ВОДИЧ ЗА МЕНАЏЕРИ

Овој водич ќе ви помогне да дознаете:

1. **Што** е неликвидност или неспособност за плаќање на стасаните обврски?
2. **Како** да се открие?
3. **Кој** може да поднесе предлог за стечај?
4. **Одговорност** за ненавремено иницирање на стечајна постапка.
5. **Кои** постапки можат да се покренат спрема менаџерите - кривични и граѓански?
6. **Како** да се справите со неисплатените обврски - во стечајна постапка или пред стечајна постапка?
7. **Како** ќе дознаете дека спрема друштвото во кое работите е иницирана или поведена стечајна постапка.
8. **Што** значи претходна постапка.
9. **Што** се привремени мерки во претходна постапка.
10. **Какви** овластувања има привремениот стечаен управник.
    - во претходна постапка
    - во отворена стечајна постапка.
12. **Кои** се Вашите обврски спрема стечајниот управник.
13. **Кој** врши исплата на доверителите?
14. **Дали** должникот може да предложи реорганизација.
15. **Што** е со вработените.
16. **Кој** обезбедува средства за водење на стечајната постапка.
17. **Кои** се погодносите за должникот од отворената стечајна постапка.
18. **Кои** ограничувања ги носи стечајната постапка.
19. **Тужби** за побивање на правни дејствија - кој може да ги поднесе.
20. **Што** значат одредени поими од Законот?

Ова е водич за менаџери и управители на друштва, органи овластени за застапување на друштвата кои се инволвирани во стечајна постапка, без оглед дали постапка се води спрема друштвото во кое работат - должник, или нивното друштво е доверител. Ова кратко резиме на правата и обврските на овие органи во стечајната постапка, како и појаснување на некои изрази од законот со кои ќе се сретнат.

# 1. Што е неликвидност?

Неспособноста за плаќање на обврските во период од 45 дена од нивната стасаност, се смета за неликвидност.

Во ваква ситуација, носителот на платен промет кај кој се наоѓа жиро сметката на должникот, заради фактот што нема средства на жиро сметката, не може во рок од 45 дена да изврши исплата на обврска, иако е приложен важечки основ за плаќање.

Неспособноста за плаќање се докажува со потврда издадена од Централен регистар.

За подобрување на ликвидноста може да се користат сите средства за плаќање со кои можат да се исплатат обврските.

Способноста за плаќање на обврските во економската терминологија се нарекува ликвидност со значење на финансиска рамнотежа на претпријатието кое треба благовремено да ги исплаќа вкупните стасани обврски од расположливи ликвидни парични средства, во определен рок. Покрај паричните средства од жиро сметката и благајната, ликвидноста се обезбедува и со девизните средства, чекови, акции, меници, обврзници, благајнички записи и други хартии од вредност, како и побарувања што можат да им бидат отстапени на доверителите.

Неможноста за исплата на обврските кои се стасани, во благовремен рок претставува застој во ликвидноста, а ако тој застој трае подолго од 45 дена се смета како неспособност за плаќање на обврските во смисла на Законот за стечај.

# 2. Како навреме да се открие неспособноста за плаќање на обврските?

**Законот за трговски друштва** предвидува обврска на органот на управување во акционерското друштво, со редовни тримесечни или полугодишни пресметки, да ја контролира ли-

квидноста на друштвото и способноста за плаќање на обврските, како и евентуално постоење на загуба.

*Ако во тримесечната или полугодишната пресметка, односно годишната сметка друштвото покажува загуба поголема од 50% од основната главнина или 30% од вредноста на имотот на друштвото, со писмен извештај органот на управување треба да ги објасни причините што довеле до таква состојба. Во рок од 48 часа треба да се свика собрание на акцинери на кое ќе се известат акционерите за констатираната состојба.*

Ова е една од обврските на органот на управување во рамки на овластувањата и одговорностите.

Откривањето на презадолженоста е многу побитно отколку моментална неликвидност или застој во плаќањето на обврските, која може да се преброди само со поголем прилив на средства или осмислена стратегија за исплата на обврските.

На сличен начин и органите на другите видови трговски друштва треба да ја следат својата ликвидност и навреме да откријат застој или прекин во исплатата на обврските.

## 3. Одговорност за ненавремено иницирање на стечајна постапка

*Законска обврска на органот на управување е во рок од 21 ден откога ќе утврди дека не може да ги исплати стасаните обврски повеќе од 45 дена, односно дека е неспособен за плаќање на обврските, да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка.*

Членовите на органот на управување солидарно им одговараат и на доверителите и на акционерите за предизвикана штета ако не постапиле на погоре наведениот начин.

Ваквата имотна одговорност не ја исклучува и можната кривична одговорност.

Двата најважни закони од оваа област - Законот за трговски друштва и Законот за стечај ја предвидуваат ваквата одговорност што е доволен сигнал за сериозноста на обврската на органот на управување.

## 4. Кој може да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка?

- **Должникот,** односно во негово име органот на управување, лицето овластено за застапување.
- **Доверителот** кој повеќе од 45 дена не може од било која сметка на должникот да си наплати сопствено побарување.
- **Друго лице овластено со Закон (**на пример ликвидаторот во постапка за ликвидација кога ќе утврди дека имотот на должникот не е доволен за покривање на обврските**).**

## 5. Кои постапки можат да се покренат спрема менаџерите и органите на управување?

Погоре наведените законски обврски се основа за утврдување на одговорност за злоупотреба на службена положба, оштетување на доверители и акционери што би било основа Јавното обвинителство да иницира кривични постапки во рамки на Кривичниот законик.

Надомест на штета за ненавремено иницирање на стечајна постапка се бара во граѓанска судска постапка по правилата на Законот за облигациони односи и Законот за трговски друштва.

Прекршочни постапки со Законот за трговски друштва и Законот за прекршоци можат да се водат и спрема органите на управување и спрема правните лица.

Совесно и законито постапување, со добра проценка на ситуацијата ангажман на експерти за утврдување на финансиската периодична состојба на друштвата и трговецот поединец, ќе бидат основа за да се избегнат ваквите постапки.

## 6. Како да се справите со неисплатени обврски?

Во текот на редовното деловно работење, менаџерската и финансиската стратегија за исплата на обврските останува како сопствен избор на менаџерскиот тим.

Во ситуација кога **се уште не е отворена стечајна постапка**, а е поднесен предлог за стечај, со предстечајна реорганизација може да се постигне договор - порамнување со доверителите за начинот на исплата на обврските. Во ваков случај потребна е согласност од сите доверители.

Во ситуација кога **е отворена стечајна постапка**, исплатата на обврските се спроведува по правилата на Законот за стечај, значи колективна исплата на доверителите.

Потребно е да се утврдат сите побарувања на доверителите и да се исплатат откако ќе се продаде целиот имот на должникот-стечајната маса или ќе се изгласа реорганизација со посебен план во кој ќе се планира начинот на исплата на обврските. По планот за реорганизација не мора да гласаат сите доверители, туку се предвидува за истиот да гласа мнозинство на доверители.

Не секогаш, односно ретко кога обврските се намируваат во целост. Висината на исплатата на обврските зависи од вредноста на имотот или проценката во планот за реорганизација.

Голема флексибилност и креативност овозможува Зконот за стечајна постапка давајќи повеќе можност за план за реорганизација.

## 7. Како ќе дознаете дека спрема друштвото во кое работите е поведена стечајна постапка?

Податоците во Централниот регистар кои се целосно ажурирани врз основа на доставени решенија од судовите, се основа и база на податоци, од кои може да се провери дали надлежниот суд донесол решение за поведување на претходна постапка, дали е отворена стечајна постапка и дали евентуално отворената стечајна постапка веќе е завршена.

## 8. Што е тоа претходна постапка?

Постапката што се поведува заради испитување на постоењето на услови за отворање на стечајна постапка, се нарекува претходна постапка. Тоа е постапка што надлежниот суд ја поведува со посебно решение и и претходи на стечајната постапка.

Не секогаш се спроведува претходна постапка за да се испита дали има услови за отворање на стечајна постапка.

Кога доверителот поднесува предлог за отворање на стечајна постапка, судот поведува претходна постапка за да ги испита наводите на предлогот на доверителот. Ова со цел да се избегне избрзано отворање на стечајна постапка и нанесување на штета на деловниот углед на должникот.

Кога должникот предлага отворање на стечајна постапка, судот може без поведена претходна постапка, да отвори стечајна постапка.

Кога ликвидаторот предлага отворање на стечајна постапка, исто така може директно да се отвори стечајна постапка без поведена претходна постапка.

*Правните последици од поведена претходна постапка се различни во однос на оние од отворена стечајна постапка.*

# 9. Што се привремени мерки во претходна постапка?

Тоа се мерки со кои се заштитува имотот на должникот за да се спречи настанување на штета врз имотот и со тоа не поволна имотна положба за доверителите.

Привремени мерки за обезбедување се:

- Именување на привремен стечаен управник.
- Одредување на општа забрана за располагање со имотот од страна на органите на должникот.
- Забрана или одлагање на присилни извршувања спрема должникот.
- Забрана на исплати од сметките на должникот.
- Присилно приведување на одговорните лица на должникот.

# 10. Какви овластувања ги има привремениот стечаен управник?

Истиот може да ги презема сите мерки за заштита на имотот на должникот.

Дава согласност на органите на управување за водење на работењето.

Ја испитува економско финансиската состојба особено постоењето на обврските и можноста за исплата.

Испитува дали од имотот на должникот може да се исплатат трошоците на постапката.

# 11. Овластувања на органот на управување - менаџерскиот тим на должникот:

**а. Во поведена претходна постапка**

Во оваа постапка органот на управување може да го продолжи деловното работење со согласност на привремениот

стечаен управник ако таков е именуван. Во спротивно нема ограничување доколку такво не издал стечајниот судија.

Непречно се располага и со сметките на должникот доколку не постои судска забрана.

Нема забрана за склучување на деловни зделки, но во секој случај поведената постапка е сигнал дека треба да се внимава на можно склучување на штетни договори, отуѓување на имот и сл. со кои би се оштетиле доверителите.

**б. Во отворена стечајна постапка**

Органот на ушправување ги губи сите права по отворањето на стечајната постапка. Застапувањето го презема стечајниот управник , имотот исто така го презема стечајниот управник, продолжување на започнати работи се спроведува по донесена одлука од стечајниот судија , а под надзор на стечајниот управник.

Единствен исклучок е ситуацијата кога е дозволено лично управување од должникот предвидено во план за реорганизација, со дозвола на стечајниот судија. Во таква ситуација, должникот - правно лице управува и располага со имотот што влегува во стечајната маса, под надзор на повереник.

## 12. Кои се Вашите обврски во претходна постапка и во отворена стечајна постапка?

Кога е поднесен предлог за отворање на стечајна постапка од страна на доверител, стечајниот судија со решение ќе поведе претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка. Ваша обврска е да му ги ставите на располагање и да ги предадете на стечајниот судија сите податоци и известувања потребни за донесување на одлука.

Ако постапката се поведува по предлог на должникот, неговите органи се должни во рок од 8 дена да му предадат на

стечајниот судија писмен извештај за економско - финансиската состојба. За вистинитоста на овој извештај одговарате кривично и материјално.

Обврска по законот е да им се дадат сите потребни информации на привремениот стечаен управник, а подоцна и на стечајниот управник кога ќе се отвори постапка, па дури и оние што можат да доведат до кривично гонење на органите на управување.

Доколку сте недостапни за судот, стечајниот судија може да Ве приведе и да одреди мерка притвор ако:

- Одбивате да дадете потребни информации или избегнувате да ги дадете.
- Потребно е да се спречи преземање на активности со кои би се оневозможило прибирање на потребни информации.

Притворот може да трае најмногу 30 дена.

Дозволена е жалба против решението за притвор до стечајниот совет на истиот суд.

Притворот може да биде продолжен најмногу за 30 дена од страна на стечајниот совет.

Може да биде изречена и парична казна спрема одговорните лица не помала од 20.000,00 ден., ниту поголема од 200.000,00 ден.

За правно лице паричната казна може да се изрече независно и да изнесува до 500.000,00 ден.

Во отворена стечајна постапка пожелно е да давате потребни информации на стечајниот управник како би можел непречено да ја води постапката.

## 13. Кој врши исплата на доверителите?

Стечајниот управник, врз основа на утврдени побарувања со решение на стечајниот судија, врши исплата на доверителите сразмерно на паричните средства остварени од продажбата на имотот.

Исплатата се врши според исплатни редови така што најпрво се исплаќаат приоритетните доверители, доверителите од повисок исплатен ранг, па стечајните доверители.

Пред да се пристапи кон исплатата на доверителите, треба да се обезбедат средства за исплата на трошоците и доверителите на стечајна маса.

Ова во ситуација кога се продава имотот по донесена одлука за ликвидација со продажба на имотот.

Во постапка за реорганизација, самиот должник-неговите органи, во рамки на одредбите на планот за реорганизација вршат исплата или поинакво намирување на доверителите онака како што прифатиле доверителите изјаснувајќи се со гласање.

## 14. Дали должникот може да предложи реорганизација?

Должникот може да предложи реорганизација уште при поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка. Оваа можност е привилегија за должникот кој со добра деловна и економско-финансиска стратегија, навреме ќе процени во каква состојба се наоѓа и кои мерки може да ги преземе за да ги исплати обврските, а сепак да не заврши со ликвидација. Во таа смисла органот на управување може да изготви план за реорганизација, да го достави до судот заедно со предлогот за отворање на стечај, да предложи да не престанува деловното работење - бизнисот до одржување на собранието за гласање по планот со тоа должникот добива во време во смисла на одложена или планирана исплата на обврските, верификувана и прифатена од доверителите со одобрение на стечајниот судија. Тоа е така наречено **репрограмирање на обврските**.

Законот за стечај дава повеќе можности за реорганизација.

Притоа:

- Може да му се препушти на должникот сам да управува и располага со целиот или дел од имотот;

- Ќе се спроведе статусна промена;
- Ќе се предложи спојување со едно или повеќе друштва;
- Ќе се продаде цел или дел од имотот на должникот;
- Ќе се подели имотот или дел од имотот на доверителите;
- Ќе се намират обезбедените доверители;
- Ќе се намалат или одложат исплатите на обврските;
- Обврските ќе се претворат во кредит;
- Обврските ќе се намират со удели или акции;
- Ќе се изврши дополнително вложување;
- Може да се зголеми основната главнина преку издавање на нови акции и удели;
- Ќе се измени договорот за друштвото;
- Ќе се изнајдат мерки во согласнот со Закон.

Планот за реорганизација содржи подготвителен и спроведбен дел.

Во подготвителниот дел се опишуваат мерките што се преземаат за да се создаде основа за да се задоволат правата на учесниците во стечајната постапка.

Спроведбениот дел дефинира на кој начин, со кои мерки и средства ќе се реализира планот од кој имот и со кој парични износи ќе се намири, како ќе се продава имотот и кој имот би се продавал, дали ќе биде оптоварен со залог, список на членови на органите на управување и нивните надоместоци, стручните лица што ќе бидат ангажирани, финасиски проекции со можности за создавање на нов долг, износот до кој должникот ќе биде ослободен од постојните обврски.  Од кога ќе почне да се применува планот.

Планот може да предвиди само еден доверител или санатор да го продолжи работењето на должникот.

Во планот за реорганизација доверителите се групираат според своите интереси кој имаат еднаков третман.

Планот за реорганизација се прилага до судот кој го става на јавен увид во рок од 8 дена од доставувањето. После тоа се свикува собрание на доверители кое ќе расправа по предложениот план и на кое ќе се гласа по истиот.

Датумот на одржување на собранието јавно се објавува.

На самото собрание се утврдуваат гласачките права на стечајните доверители и се смета дека, ако просто мнозинство од вкупниот износ на побарувањата се присутни на собранието, а од нив гласа мнозинството, планот е прифатен - усвоен.

Се смета дека и должникот дал согласност, ако не се спротивстави во писмена форма.

Со свое решение стечајниот судија го одобрува прифатениот план за реорганизација.

На стечајниот судија останува право по службена должност да одбие да го одобри преложениот план доколку не се почитувани законските одредби околу негово изготвување и тоа: ако, содржината на планот и постапката за негово донесување не се спроведени според Закон, се привилегира некој од доверителите, не се почитува правото на приоритет, не се подеднакво третирани групите на доверители.

И во ваков случај ако доверителите се договорат, стечајниот судија може да прифати и да одобри план за реорганизација онака како што се усолгасиле доверителите.

Натаму, се врши надзор над спроведување на планот за реорганизација по заклучувањето на стечајната постапка и тоа од страна на стечајниот управник или друго лице - контролор, во зависност од тоа кому стечајниот судија ќе го довери надзорот.

Со одобрување на планот за реорганизација стечајната постапка се заклучува, а понатаму се спроведува надзор над реализацијата на планот. Ако истито не се спроведува, било кој стечаен доверител или стечајниот управник можат да бараат повторно отворање на стечајната постапка.

## 15. Што е со вработените?

Со отворањето на стечајна постапка, на вработените им престанува работниот однос.

Тоа е можност за решавање на проблемот со превработеност доколку во планот за реорганизација предвидите намалување на бројот на вработените т.н. технолошки вишоци.

Треба да знаете, дека, во никој случај не смеете да ги повредите законски загарантираните права по Законот за работни односи, доколку предлагате раорганизација.

Ако се отвори стечајна постапка без предложен план за реорганизација, на сите вработени им престанува работниот однос.

Вработените стекнуваат приоритетни права за наплата на побарување по основ на плати и придонеси за последните 3 месеци пред отворање на стечајна постапка, обештетување за повреди при работа, професионални заболувања и надоместоци за неискористен годишен одмор. Тоа се т.н. побарување од повисок исплатен ред.

Законот им дава приоритет на затекнатите работници на денот на отворањето на стечајната постапка при ново вработување со нови договори за работа кај истиот субјект.

## 16. Кој обезбедува средства за водење на стечајната постапка?

Кога предлгач на стечај е доверител, истиот е должен по задолжение на судот да авансира трошоци за водење на претходната постапка. Висината на средствата е определена со правилник.

По отворање на стечајна постапката, средства се обезбедуваат од имотот што ја сочинува стечајната маса - целокупниот имот, побарувања, права од хартии од вредност, удели и слично.

Ако таков имот нема или има имот, но е недоволен за да ги покрие ниту трошоците на стечајната постапка, стечајна постапка нема да се спроведува. Во таква ситуација стечајна постапка се отвора, но истата не се спроведува и веднаш се заклучува.

Ако во текот на отворена стечајна постапка произлезе, дека, имотот е недоволен за покривање на трошоците, истата ќе се запре со решение на стечајниот судија.

## 17. Кои се погодносите за должникот од отворената стечајна постапка?

За некакви погодности може да се зборува пред се во постапка за реорганизација кога должникот прави обид да излезе од економско-финасиската криза и да продолжи со работа.

Со отворање на стечајната постапка престануваат присилните извршувања од сметките и имотот на должникот.

Со предложената реорганизација се дава можност за одлагање на исплатата на обврските кои пристигнале.

Реорганизацијата е можност за ослободување од вишокот вработени.

Доколку се дозволи лично управување, речиси и да нема ограничувања во раководењето со деловното работење, а сепак постапката се води по правилата предвидени во закон.

Кога е донесена одлука за продажба на имотот, постапката за продажба ја води професионално лице - стечаен управник кој одговара професионално за законитоста во спроведување на целата постапка, рамномерно намирување на доверителите без привилегија на било кој од нив.

Должникот поединец или членовите на органот имаат право да им се обезбедат нужни средства за егзистенција лично за нив и за членовите на потесносто семејство.

## 18. Кои ограничувања ги носи стечајната постапка?

Должникот - органите на управување го губат правото да управуваат со имотот, да го застапуваат должникот, да склучуваат деловни зделки и да го водат бизнисот.

Жиро сметката на должникот престанува, а се отвора нова жиро сметка со нови овластени потписници - стечајниот управник и лица овластени од негова страна.

Надвор од пропишаните правила не може да се продава имотот, нити да се оптеретува со залог и хипотека.

Се губи правото на плата, бидејќи престанува работниот однос.

Престануваат менаџерските договори.

## 19. Тужби за побивање на правни дејствија - кој може да ги поднесе?

Штетните правни дејствија со кои се нарушува изедначено намирување на доверителите, па некои од нив се ставаат во поповолна положба, можат да се побиваат.

Стечајниот управник е овластен во име на стечајниот должник и стечајните доверители да поднесува тужби за побивање на правни дејствија.

Може да се побиваат:

- Правна работа преземена во последните 3 месеци пред поднесување на предлог за отворање на стечајна постапка, со која на стечен доверител му се овозможува намирување, ако во тоа време должникот веќе бил неспособен за плаќање, а доверителот знаел или морал да знае за тоа.
- Правна работа со која на стечаен доверител му се овозможува обезбедување или намирување кое немал право да го бара во тоа време и тоа во последните 30 дена пред поднесување на предлогот, 90 дена пред поднесување на предлогот ако должникот веќе бил неликвиден во тоа време или пак во истиот период доверителот знаел дека се оштетуваат другите доверители.
- Правна работа превземена по поднесување на предлогот за отворање на стечајна постапка, ако другата страна знаела за неспособноста за плаќање.
- Правна работа преземена во последите 10 години пред отво-

рањето на стечајната постапка со која должникот свесно ги оштетил доверителите, но ако другата страна знаела за намерите на должникот. Знаењето за намерата се претпоставува.

- Двострано товарен договор склучен меѓу должникот и нему блиско лице.
- Правна работа без надоместок или со безначаен надоместок.

## 20. Што значат одредени поими од Законот за стечај?

**Аранжман за финансиски колатерал -** давателот на колатералот презема обврска да воспостави право на обезбедување врз финасиски инструменти или готовина или да ги пренесе неговите права што ги има врз финансиските инструменти или готовина како колатерал или гаранција на име на примателот на колатералот.

**Банка-** правно лице кое ги врши работите на платниот промет.

**Совесен трговец -** правен стандард за вршење на работите на стечајниот управник со нарушување на кој, стечајниот управник одговара.

**Доброволно порамнување** се преговори кои имаат за цел спогодбено решавање на должничко доверителските односи.

**Доверител со обезбедено побарување** е субјектот кој има побарување спрема должникот но истото е обезбедено со запишан залог во јавна книга, уште се нарекува “разлачен доверител“.

**Доверител со право на издвојување се нарекува и излачен доверител** кој има стварно или лично право врз предмет што е во владение на стечајниот должник па може да бара тој предмет да се излачи или издвои.

**Доверител на стечајна маса** е физичко или правно лице кое има побарување спрема стечајниот должник кое настанало по отворање на стечајната постапка. Се разликува од стечаен доверител по тоа што стечајниот доверител има побарување кое датира од пред отворањето на стечајната постапка.

**Должник** е секое правно или физичко лице над кое може да се отвори стечајна постапка согласно чл. 4 од Законот за стечај.

Должникот може да се јави во постапка за ликвидација со продажба на имотот или во постапка за реорганизација.

**Застапник по закон** е извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор или управител, кој го застапува друштвото врз основа на овластување дадено со закон.

**Имот на должникот** го сочинуваат имотот, правата и интересите на должникот. Истиот уште се нарекува и стечајна маса, доколку спрема тој имот се води стечајна постапка.

**Ликвидација во стечај** всушност е израз кој се употребува за да се искаже дека се води стечајна постапка во која е донесена одлука имотот на должникот да се продаде или да се подели меѓу доверителите.

**Неликвидност** е друг назив на неспособност за плаќање на обврските и означува состојба кога должникот не ги намирува своите пристигнати парични обврски.

**Овластен ревизор** е лице кое врши ревизорски работи со овластугвање според Законот за ревизија.

**Овластен проценител** е лице кое врши проценка врз основа на овластување добиено со заведување во регистарот на овластени проценители.

**Орган на управување** е индивидуално или колективно тело во

трговското друштво на кого му е доверено управувањето со друштвото врз основа на законски одредби.

**Носители на платен промет** се банките овластени за вршење на платниот промет во земјата.

**Претпријатие** е збир од права, предмети и фактички односи кои имаат имотна вредност и припаѓаат на трговската дејност на трговецот.

**Приоритет** е право кое е рангирано пред друго побарување, врз основа на овој закон. Приоритетното побарување се исплаќа пред останатите побарувања.

**Постапка за реорганизација** е онаа постапка во која должникот предложил реорганизација, се расправа во отворената стечајна постапка и доверителите се изјаснуваат по предлогот на должникот за реорганизација, вклучувајќи го и подготвувањето на планот за реорганизација, изјаснувањето на доверителите и одобрувањето на должникот да продолжи со работа.

Самата **реорганизација** значи одржување на добрата финансиска состојба на претпријатието, вклучувајќи го и продолжувањето со деловно работење под услови предвидени во планот за реорганизација.

**Седиште на друштвото** е местото каде е наведена адресата според договорот за друштвото.

**Статусни измени** на друштвата значат присоединување, спојување или поделба на трговските друштва.

**Стечајна постапка** е колективна постапка за намирување на доверителите.

**Стечаен управник** е лице кое е овластено да го застапува имотот на должникот, да ги спроведува дејствијата на продажба

на имотот или реорганизација на должникот додека трае стечајната постапка.

**Странска постапка** е колективна судска или административна постапка во странска земја.

**Трговски** регистар е основен регистар во кој се вршат уписите определени со Законот за трговски друштва, Законот за стечај и други закони.

**Трошоците на стечајната постапка** ги сочинуваат: надомест за работата на стечајниот управник и лицата кој тој ги назначил, трошоци за продолжување со деловното работење во стечај, долгови што произлегуваат од работењето на стечајниот управник во рамки на неговите надлежности.

**Финасиски колатерал** се пари или финасиски инструменти кои служат за обезбедување.

# II

# ВОДИЧ ЗА ДОВЕРИТЕЛИ

1. **Што** е стечај, а што е стечајна постапка?
2. **Кога** се отвора стечајна постапка?
3. **Каде** е регулирана стечајната постапка?
4. **Кој** ја спроведува стечајната постапка?
5. **Кога** стануваш доверител ?
6. **Како** да иницираш стечајна постапка?
7. **Како** да поднесеш пријава во стечајна постапка?

8. **Видови** на доверители.

9. **Кои** права ги имаат доверителите во стечајната постапка.

10. **Кои** видови тужби може да ги поднесе доверителот?

11. **Учество** во органите на стечајната постапка.
   - Одбор на доверители
   - Собрание на доверители.

12. **Вработените** како доверители.

13. **Значење** на изразите.

Овој водич ти ја објаснува процедурата кога ти побаруваш пари од поединец или друштво кое е во стечај или во постапката за реорганизација. Истиот те води низ стечајната постапка по правилата што ги одредува Законот за стечај. Во секој случај овој водич ќе ти открие дека ТИ ОДЛУЧУВАШ ЗА ТВОЕТО ПОБАРУВАЊЕ преку учество во органите на стечајната постапка кои целосно го контролираат текот на постапката и твојата можност за наплата на побарувањето. Биди активен учесник и користи ги правата што ти ги гарантира Законот за стечај.

## 1. Што е стечај?

**Стечајот** е начин на решавање на ситуацијата кога должникот има обврски што не може да ги плати.

**Стечајната постапка** е **судска постапка** што се спроведува спрема должникот со цел да им овозможи на доверителите колективна наплата на побарувањата, без привилегирање на било кој од нив и му овозможува на должникот да постигне договор со доверителите за исплата на обврските со одложено плаќање преку план за реорганизација со цел да може повторно да го продолжи деловното работење.

Секој деловен субјект може да се најде во стечај вклучувајќи го и поединецот регистриран како трговец.

## 2. Кога се отвора (поведува) стечајна постапка?

Стечајна постапка се поведува по предлог, што значи по иницијатива на предлагач.

Кога самиот должник ќе утврди дека не е способен да ги исплати своите пристигнати обврски подолго од 45 дена, може да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка.

Законска обврска е на должникот да ја следи својата ликвидност и навреме да согледа застој во плаќањето на обврските и да преземе мерки за надминување на состојбата.

Законска обврска е на органот на управување на должникот да ги извести сопствениците на капиталот, дека, во деловното работење се појавува застој во исплатата на обврските.

Овластените лица и органот за управување и застапување како и органи за надзор во трговските друштва, **лично, солидарно и неограничено се одговорни** за штетите што ги предизвикале на доверителите на трговското друштво или поединец ако навреме не поднесат предлог за отворање на стечајна постапка. Истите можат и кривично да одговараат за оштету-

вање на доверители.

Обврската за поднесување на предлог за отворање на стечајна постапка настапува најдоцна во рок од 21 ден од денот кога констатирале постоење на причини за отворање на стечајна постапка.

**Ако си доверител**, стечајна постапка иницираш кога имаш побарување кое не можеш да го наплатиш ни по протек на 45 дена од било која жиро сметка на должникот или доброволно од негова страна, а поседуваш важечки основ за плаќање.

## 3. Каде е регулирана стечајната постапка?

**Законот за стечај** (Службен весник на РМ бр..34 од 22.03.2006 год.) ги одредува правните правила за спроведување на стечајната постапка и регулира:

- Кои се целите.
- Субјектите спрема чиј имот се спроведува стечај.
- Услови за отворање на стечајна постапка.
- Кој суд е надлежен.
- Органите на стечајната постапка.
- Планот за реорганизација и заклучување на стечајната постапка.
- Посебните стечајни постапки.

## 4. Кој ја спроведува стечајната постапка?

**а. Надлежен суд**

За спроведување на стечајна постапка надлежен е Основниот суд со проширена надлежност на територија на која е регистрирано седиштето на должникот.

Еднаш заснованата месна надлежност на судот, од поднесување на предлогот за отворање на стечајна постапка, не може да се измени до завршување на постапката.

Во месно надлежниот суд каде се наоѓа седиштето на должникот може да се обратите и за информации за текот на постапката, да побарате забрзување на постапката или да се пожалите за начинот на кој се спроведува постапката.

Стечајната постапка е транспарентна.Списите од стечајното досие се достапни на сите учесници .

### б. Органи кои ја спроведуваат стечајната постапка

- **Стечајниот судија** е орган на стечајната постапка кој што како судија го води случајот од приемот на предлогот за отворање на стечајна постапка доставен до месно надлежниот Основен суд, па се до нејзино заклучување.
- **Стечаен управник** -тоа е физичко лице кое има лиценца за вршење на работите на стечаен управник или јавно трговско друштво или друштво со ограничена одговорност основано само за вршење на работи на стечаен управник.
- **Одборот на доверители** го сочинуваат претставници на: различни доверители, а тоа се доверители  кои своето побарување го обезбедиле со залог, доверители со најголеми побарувања, доверители со мали побарувања. Бројот на членовите на одборот на доверители мора да биде непарен и секогаш да биде составен најмногу  од 7 членови.
- **Собрание на доверители** го сочинуваат сите доверители кои учествуваат во работата на собранието.

### Кои се твоите обврски во стечајна постапка?

- Да го пријавиш навреме своето побарување во рокот објавен во огласот за отворање на стечајна постапка, со писмена пријава во прилог на која ќе доставиш доказ за своето побарување;

- Да се јавиш на покана на стечајниот судија за присуство на испитно рочиште и на извештајно собрание, како и на останати собранија на доверители;
- Да гласаш по предложен план за реорганизација било да го поддржуваш или да се противиш;
- Доколку оспориш побарување на друг доверител, да докажеш дека за тоа имаш интерес, а благовремено да покренеш спор со кој ќе докажуваш дека основано си го оспорил побарувањето кое претходно го признал стечајниот управник.

**Треба да знаеш, дека, должникот од друга страна мора:**

- Да ги стави на располагање и да ги достави до стечајниот судија сите податоци и известувања што од него ќе бидат побарани во врска со работењето на должникот.
- Да предаде писмен извештај за економско финасиската состојба кај должникот, кога самиот предлага стечај. За вистинитоста на извештајот членовите на органите на должникот или должникот поединец одговараат кривично и материјално.
- Освен на стечајниот судија, потребните информации мора да се дадат на привремениот стечаен управник, на стечајниот управник, одборот на доверители и собранието на доверители доколку стечајниот судија тоа го наложи.
- Мора да се изнесат дури и оние факти што можат да доведат до кривично гонење.
- Да му се помага на стечајниот управник или привремениот управник при врешењето на професионалните обврски.
- Да се презентираат податоци за имотот.

**Кога е отворена стечајна постапка должникот не смее:**

- Да располага со сопствените жиро сметки.
- Да го користи сопствениот печат-бидејќи веќе се издава

нов печат со назнака дека друштвото е во стечај.

- Не смее да подигнува кредити и позајмици, односно да го задолжува друштвото.
- Не смее да врши исплати на обврски или да работи со готовински плаќања.
- На овластените лица им престануваат овластувањата за потпис на жиро сметката и други значајни документи.
- Ако не соработува, должникот може да биде приведен, ако е подинец, односно членовите на одборот на управување и органот на надзор или притворен со одлука на стечајниот судија.
- Должникот може да биде парично казнет со казна не помала од 20.000,00 ден., ниту поголема од 200.000,00 ден. за одговорните лица и 500.000,00 ден. за правното лице.

## 5. Кога стануваш доверител?

Во судската постапка што ја води стечајниот судија, статус на доверител добиваш со поднесена пријава на побарување. Истата треба да е поднесена задолжително во писмена форма со доказ за твоето побаруавање.

Доверител со признато побарување кој има право да учествува во гласањето на собранието на доверители, стануваш со донесување на решение од стечајниот судија за утврдување на побарувања што ги признал стечајниот управник, а не ги оспорил ниту еден доверител.

Доверител кој има право да учествува во работа на одбор на доверители можеш да бидеш само со решение на стечајниот судија за именување на членови на одбор на доверители или со одлука на собрание на доверители.

Доверител со повисок исплатен ранг стануваш доколку си вработен во друштвото во последните три месеци пред отворање на стечајна постапка.

Обезбеден или разлачен доверител е доверителот кој поседува доказ за вкнижено заложно право врз подвижен или недвижен имот со право на одвоено намирување од тој имот.

Излачен доверител си ако имаш сопствен имот кој на денот на отворањето на стечајната постапка се наоѓа во владение на должникот па како излачен доверител бараш да ти се издвои и тој имот да не влезе во стечајната маса.

**Што ја сочинува стечајната маса?**

Тоа е целокупниот имот на должникот кој ги вклучува недвижностите, подвижните ствари кои се негова сопственост, побарувања од негови должници, права од интелектуална сопственост, права на хартии од вредност и удели и слично, права по основ на наследство кај должник поединец, имот на брачни другари.

# 6. Како да иницираш стечајна постапка?

Со предлог доставен до надлежниот суд, за поведување на стечајна постапка, ако имаш побарување од физичко или правно лице кое не можеш да го наплатиш во рок од 45 дена од неговата стасаност, од ниедна сметка на твојот должник.

Значи, за да се легитимираш како овластен предлагач, треба да имаш доказ - важечки основ со кој ќе докажеш побарување спрема должникот, да доставиш потврда од Централен регистар на РМ за блокирана жиро сметка на должникот со целосни податоци за должникот.

Ако твојот предлог е уреден и ги содржи сите податоци за должникот и за твоето побарување, врз основа на истиот, стечајниот судија ќе поведе претходна постапка.

Ако предлогот е неуреден, стечајниот судија ќе ти даде можност да го уредиш во даден рок, а ако не постапиш по барањето на стечајниот судија и во дадениот рок, предлогот ќе ти биде отфрлен.

## 7. Како да поднесеш пријава во стечајна постапка?

Кога е отворена стечајна постапка дознаваш преку јавното објавување на огласот во Службен весник, во било кој дневен весник или преку огласната табла на надлежниот суд, како и преку податоците од Централен регистар.

Доколку сакаш да поднесеш пријава на свое побарување, пред се треба да внимаваш на рокот објавен во огласот за отворање на стечајна постапка.

Неблаговремено поднесените пријави ќе се отфрлат.

Пријавата ја доставуваш до стечајниот управник.

Пријавата содржи твои податоци-ако си физичко лице-генералии, адреса и матичен број, а ако си правно лице или трговец, треба да содржи назив на фирмата, адреса, број на жиро сметка и ЕДБ.

Кон пријавата прилагаш доказ за твоето побарување - од каде потекнува.

Стечајниот упрвник се изјаснува по твојата пријава во писмена шема што тој ја изготвува за сите пријавени доверители. Истата ја добиваш преку стечајниот управник, а се разгледува на испитното рочиште.

Присуствувај на испитното рочиште за да не пропуштиш можност пред судот и доверителите да истакнеш приговори.

## 8. Видови на доверители

**Стечајни доверители** - тоа се доверители кои имаат побарување од должникот кое датира од пред отворањето на стечајна постапка.

**Доверители на стечајна маса** - тоа се доверители кои стекнале побарување спрема должникот, по отворањето на стечајната постапка.

**Доверители од повисок исплатен ред** - вработените по основ на неисплатени плати и придонеси во последите 3 месеци пред отворање на стечајна постапка.

**Доверители од понизок исплатен ред** - каматите што пристигнале од денот на отворањето на стечајна постапка, трошоци на доверителите за нивно учество во постапката, парични казни, побарувања за бесплатна чинидба или побарување за враќање на заем кој се надоместува од имотот на содружникот.

**Излачни доверители** - доверителите кој имаат сопствен имот, со докажана сопственост, кој во моментот на отворање на стечајна постапка се нашол во владение на должникот по било кој основ. Имаат право на издвојување на своите предмети од стечајната маса.

**Разлачни доверители** - доверители кој имаат заложно право или права запишани во јавни книги, финансиски колатерали и права на намирување од акции, удели и други хартии од вредност. Исто така во оваа група на доверители се вклучуваат и доверителите кои имаат во владение подвижен предмет даден за обезбедување на нивното побарување, оние кои имаат право да задржат некој предмет врз основа на Закон.

Во оваа група на доверители спаѓа Република Македонија за побарување по основ на плаќање на царина или данок, врз предметот за кој треба да се плати ваква обврска.

## 9. Кои права ги имаат доверителите во стечајната постапка?

Да предлагаат лице или друштво кое ќе работи како стечаен управник.

На првото собрание на доверители да го разрешат стечајниот управник определен од страна на судот.

Да учествуваат во работата на одборот на доверители.

Да учествуват во одлучувањето на собранието на довери-

тели.

Да гласаат и да одлучат дали ќе му овозможат на должникот реорганизација или ќе одлучат имотот да се продаде, а должникот да се ликвидира.

Да предложат разрешување на стечајниот управник.

Ги контролираат трошоците на стечајната постапка и финансиските и периодичните извештаи на стечајниот управник.

Даваат мислење за проценката на вредноста на имотот на должникот и за почетна продажна цена на истиот.

Даваат мислење за понудената цена при јавната продажба - дали да се прифати цената што ја нуди понудувачот.

## 10. Кои видови тужби може да ги поднесе доверителот?

Кога побарувањето на доверителот е оспорено од страна на стечајниот управник, истиот има право да поднесе **тужба за утврдување на истото**.

Тужбата се поднесува против должникот. Постапката по тужбата е итна.

Ако доверител оспори побарување на друг доверител, а истото побарување се заснова на извршен наслов, доверителот кој оспорува се упатува да поднесе **тужба за да докаже дека побарувањето е неосновано, односно престанало**.

Доверителот може со **тужба да побива правни дејствија на стечајниот должник**. Оваа тужба може да се поднесе најдоцна до заклучувањето на стечајната постапка. Тужбата се поднесува против стечајниот должник и против лицето спрема кое е преземено правното дејствие.

Може да се поднесе тужба и против наследник на должник поединец или правен следбеник на правно лице, но под услови

предвидени во Закон.

Доверителот може **со тужба да бара надомест на штета од стечајниот управник,** ако овој таква му предизвикал со несовесно работење, спротивно на правилата одредени во Законот за стечај.За овој вид тужби важат правилата на Законот за парнична постапка и Законот за облигациони односи.

## 11. Учество во органите на стечајната постапка

**Во одбор на доверители:**

Во работата на одборот на доверители, учествуваат само членовите.

Членовите на одборот со решение ги именува стечајниот судија.

Во составот на одборот на доберители мора да бидат застапени разлачните доверители, стечајните доверители со најголеми побарувања, стечајните доверители со мали побарувања. Пожелно е да се вклучи и претставник на вработените, но не е облигаторно.

Ако за член се именува Република Македонија, ја застапува Државниот правобранител.

Бројот на членовите на одборот секогаш е непарен, а може да изнесува најмногу седум членови ако е основан со решение на стечајниот судија, или 11 ако одлучува собранието на доверители.

Одборот донесува одлуки на седници. Одлуката се смета за донесена ако за неа гласале најмалку две третини од присутните членови.

Секој член има еден глас, независно од големината на неговото побарување.

Членовите на одборот избираат претседател кој раководи со седниците, а во однос на донесувањето на одлуки , нема по-

големи права од другите членови.

**Во собрание на доверители:**

Сите доверители го сочинуваат собранието на доверители, но во донесувањето на одлуките учествуваат само доверителите со утврдени побарувања .

Право на глас имаат и доверителите на кои им е оспорено побарувањето, но кои го докажуваат со извршна исправа.

За тоа одлучува стечајниот судија.

Одлуките на собранието на доверители се сметаат за донесени ако за нив гласале мнозинство од сите утврдени побарувања, кои се присутни на собранието.

Преку овој орган доверителите ги носат најважните одлуки за текот на постапката - основаат одбор на доверители,именуваат нов стечаен управник,наместо оној определен од стечајниот судија,одлучуваат да продолжи деловниот потфат или да се продаде имотот и должникот да се ликвидира, одобруваат завршна сметка и завршен извештај, со што му даваат виза на стечајниот судија да ја заклучи стечајната постапка.

## 12. Вработените како доверители

По основ на работен однос, вработените стекануваат одредени права - плата, придонеси и др.додатоци, врз основа на кои во ситуација кога се отвора стечајна постапка истите стекнуваат својство на доверител доколку не се намирени овие побарувања од работен однос.

Кога работодавачот не им исплатил плата и не им уплатил придонеси од плата, истите имаат ненаплатени побарувања што им дава основа по Законот за работни односи да иницираат стечај или ликвидација.

Тука се поставува прашањето на интересот на работникот да иницира стечај кога знае дека ќе му престане работниот од-

нос, но тоа е еден вид и притисок врз работодавачот да ги исполнува обврските кон работниците, под страв од покренување на постапка за престанок.

Правата на вработените за надомест на плата за последните три месеци пред отворање на стечајна постапка се побарувања од повисок ранг со приоритет на наплата како по однос на нето плата така и по однос на придонесите.

Вработените освен повисокиот ранг за наплата на своето побарување, немаат друга привилегија или гаранција за наплата на своите побарувања. Значи ако должникот нема доволно имот, нити вработените иако со приоритет во наплатата, не ќе можат да ги наплатат своите плати и придонеси.

Законот не предвидува друга повластица за нив при наплатата на нивните побарувања.

Стечајните работници имаат предност при склучување на нови договори за работа со стечајниот управник или во постапка за реорганизација.

# 13. Значење на изразите

**Аражман за финансиски колатерал -** давателот на колатералот презема обврска да воспостави право на обезбедување врз финасиски инструменти или готовина или да ги пренесе неговите права што ги има врз финасиските инструменти или готовина како колатерал или гаранција на име на примателот на колатералот.

**Банка -** правно лице кое ги врши работите на платниот промет.

**Совесен трговец -** правен стандард за вршење на работите на стечајниот управник со нарушување на кој, стечајниот управник одговара.

**Доброволно порамнување** се преговори кои имаат за цел спогод-

бено решавање на должничко доверителските односи.

**Доверител со обезбедено побарување** е субјектот кој има побарување спрема должникот но истото е обезбедено со запишан залог во јавна книга, уште се нарекува “разлачен доверител“.

**Доверител со право на издвојување се нарекува и излачен доверител** кој има стварно или лично право врз предмет што е во владение на стечајниот должник па може да бара тој предмет да се излачи или издвои.

**Доверител на стечајна маса** е физичко или правно лице кое има побарување спрема стечајниот должник кое настанало по отворање на стечајната постапка. Се разликува од стечаен доверител по тоа што стечајниот доверител има побарување кое датира од пред отворањето на стечајната постапка.

**Должник** е секое правно или физичко лице над кое може да се отвори стечајна постапка согласно чл. 4 од Законот за стечај.

Должникот може да се јави во постапка за ликвидација со продажба на имотот или во постапка за реорганизација.

**Застапник по закон** е извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор или управител, кој го застапува друштвото врз основа на овластување дадено со закон.

**Имот на должникот** го сочинуваат имотот, правата и интересите на должникот. Истиот уште се нарекува и стечајна маса, доколку спрема тој имот се води стечајна постапка.

**Ликвидација во стечај** всушност е израз кој се употребува за да се искаже дека се води стечајна постапка во која е донесена одлука имотот на должникот да се продаде или да се подели меѓу доверителите.

**Неликвидност** е друг назив на неспособност за плаќање на обвр-

ските и означува состојба кога должникот не ги намирува своите пристигнати парични обврски.

**Овластен ревизор** е лице кое врши ревизорски работи со овластугвање според Законот за ревизија.

**Овластен проценител** е лице кое врши проценка врз основа на овластување добиено со заведување во регистарот на овластени проценители.

**Орган на управување** е индивидуално или колективно тело во трговското друштво на кого му е доверено управувањето со друштвото врз основа на законски одредби.

**Носители на платен промет** се банките овластени за вршење на платниот промет во земјата.

**Претпријатие** е збир од права, предмети и фактички односи кои имаат имотна вредност и припаѓаат на трговската дејност на трговецот.

**Приоритет** е право кое е рангирано пред друго побарување, врз основа на овој закон. Приоритетното побарување се исплаќа пред останатите побарувања.

**Постапка за реорганизација** е онаа постапка во која должникот предложил реорганизација, во отворената стечајна постапка се расправа и доверителите се изјаснуваат по предлогот на должникот за реорганизација, вклучувајќи го и подготвувањето на планот за реорганизација, изјаснување на доверителите и одобрување на должникот да продолжи со работа.

Самата **реорганизација** значи одржување на добрата финасиска сосстојба и претпријатието, вклучувајќи го и продолжувањето со деловно работење под услови предвидени во планот за реорганизација.

**Седиште на друштвото** е местото каде е наведена адресата според договорот за друштвото.

**Статусни измени** на друштвата значат присоединување, спојува-